бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# УЈП СОБИРА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ И ИСКУСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕФОРМСКАТА АГЕНДА

Управата за јавни приходи претставена од Реформскиот комитет, Секторот за дигитализација и Единицата за управување со реформи на чело со директорката м-р Елена Петрова ги собира најдобрите искуства и практики пред започнување на големиот проект реинженеринг на деловните процеси за воведување на новиот интегриран даночен систем и воведување Е-Фактура.

Овие денови се одржуваат интензивни работни средби со засегнати страни и компании кои работеле на даночни деловни процеси и е-фактури за даночни администрации во регионот и пошироко. Воведувањето на дигитализирани деловни процеси на даночни администрации како и увидот во нивните искуства кои беа претставени денес, за Управата за јавни приходи ќе значи избегнување на евентуалните проблеми при воведување на даночниот интегриран ИТ систем.
УЈП во наредните денови ќе оствари повеќе работни средби со компании кои имаат искуство во оваа област, сметководители, стопански комори и други засегнати страни со цел транспарентност на целата постапка како и навремено запознавање на даночните обврзници за новините кои ќе следат а кои ќе овозможат воведување на еден флексибилен систем кој ќе одговара на потребите и на даночната управа и на даночните обврзници.